**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ДВАЕСЕТ И ВТОРАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 07.02.2023 година**

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2023 ГОДИНА**

## З А П И С Н И К

**Од Дваесет и втората седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 07.02.2023 година**

*Пред почетокот на седницата со едноминутно молчење им беше оддадена должна почит на трагично загинатите и настраданите во катастрофалните земјотреси што се случија во Република Турција и Арапска Република Сирија на 6 февруари 2023 година.*

Седницата започна во 16:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **25 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства за помош на настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Арапска Република Сирија.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства за помош на настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Арапска Република Сирија.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 07.02.2023 година.

Пред отворање на претрес по Предлог-Одлуката, истата во својство на предлагач ја образложи Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и Дарко Стојановски (Левица).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на финансиски средства за помош на настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Арапска Република Сирија, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Дваесет и втората седница на Советот на Општина Гази Баба, во **16:15** часот.

**Број 09-1233/3**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот